**20130230718**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за инвалидски организации,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 февруари 2013 година.

Бр. 07-828/1
12 февруари 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ**

Член 1

Во Законот за инвалидски организации („Службен весник на Република Македонија“ број 89/2008 и 59/12), во членот 29 став 1 алинеја 1 зборовите: "Министерството за финансии" се заменуваат со зборовите: "Министерството за труд и социјална политика".

Во алинејата 2 зборовите: "распишуваат надлежните министерства" се заменуваат со зборовите: "распишува Министерството за труд и социјална политика".

Член 2

Во членот 35 став 2 по зборовите: "Министерството за финансии" се додаваат зборовите: "и Министерството за труд и социјална политика".

Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за инвалидски организации.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.